## ЗАКОН[1]

## за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Јапонската банка за меѓународна соработка со заем во износ од 9.689.000.000 јапонски јени, наменет за реализација на Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица.

Со овој заем ќе се финансира 75% од изградбата на прва фаза од повеќенаменскиот хидросистем "Злетовица".

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон, се утврдени со Договор за заем помеѓу Владата на Република Македонија и Јапонската банка за меѓународна соработка.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од член 1от од овој закон е 25 години, со вклучен грејс период од седум години и каматна стапка од 1,5% годишно.

Заемот ќе се отплаќа на 37 полугодишни ануитети почнувајќи од октомври 2011 година. Во грејс периодот од седум години, што претставува и период на реализација на проектот, каматата ќе се капитализира.

Член 4

На износот на повлечените средства се плаќа еднократна провизија за услуга во висина од 0,1%, во моментот на повлекување на средствата.

На пристигнатите, а неплатени ануитети се плаќа затезна камата во висина од 3,5% годишно.

Член 5

Краен корисник на заемот за проектот е Јавното претпријатие "Злетовица".

Член 6

Заемот ќе се отплаќа од приходите што ќе ги остварува Јавното претпријатие "Злетовица". Недостигот на средства за сервисирање на обврските, над приходите што ќе ги остварува Јавното претпријатие "Злетовица", ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија.

Член 7

Доколку доспеаните обврски по основ на камата и главница, во роковите утврдени со договор за заем, во име на Јавното претпријатие "Злетовица" ги плати Република Македонија, Јавното претпријатие "Злетовица" е должно во рок од 30 дена од денот на извршувањето на обврската, да пренесе во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија, денарски средства во висина на извршеното

[1] Објавен во Службен весник на Република Македонија број 72/ 2003

плаќање, зголемено за пресметаната камата и за настанатите трошоци поврзани со соодветната трансакција.

Министерот за финансии може да издаде налог до Управата за јавни приходи за блокирање на средствата на крајниот корисник по основ на враќање на ДДВ со цел да се измират доспеаните обврски кон кредиторот, односно да се надоместат во буџетот денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за настанатите трошоци поврзани со соодветната трансакција.

Член 8

Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе склучат договор со Јавното претпријатие “Злетовица” со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски за реализација на Проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.